**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД**
**Vitup® C 500mg**
**20 таблети**

**Упатството за пациентот содржи:**
1.Што претставува **Vitup® C 500mg** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Vitup® C 500mg** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Vitup® C 500mg** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Vitup® C 500mg**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Vitup® C 500mg и за што се употребува?

Витамин Ц е најважниот антиоксиданс кој е растворлив во вода. Учествува во спречување на оксидацијата на штетниот или LDL- холестерол. Пушачите ги заштитува од штетните ефекти на оксидативниот стрес. Витамин Ц придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем. Неопходен е за создавање на колаген и други делови од сврзното ткиво како и за калцификација на коските и забите. Ја подобрува апсорпцијата на железото. Дејствува заштитно врз витамин Е на тој начин што учествува во процесот на неговата регенерација и може да придонесе за негово продолжено дејство.
Зголемена потреба за витамин Ц се појавува при негов недоволен внес преку храната, кај пушачи, при стрес, изложеност на штетни агенси од надворешната средина, спортски активности и зголемен психофизички напор.

Витамин С 500 mg таблетите се препорачуваат:
- кај намален имунитет,
- за превенција на настинка и грип,
- лица изложени на стрес,
- за намалување на уморот и исцрпеноста,
- за одржување на нормалната функција на имунолошкиот систем за време и по интензивна физичка активност,
- на пушачи,
- за зголемување на апсорпцијата на железо,
- за нормална функција на непцата и забите

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Vitup® C 500mg

**Немојте да го земате/употребувате Vitup® C 500mg** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Vitup® C 500mg**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или ако доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Употребата на **Vitup® C 500mg** не влијае врз способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Vitup® C 500mg**
Производот не смеат да го употребуваат лица кои се преосетливи на која било од состојките на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине!

Производот не е наменет за деца под 12 -годишна возраст.

Хроничната употреба на аспирин, омепразол и орални контрацептиви може да има негативно влијание на нивото на витамин Ц во организмот.

Лицата со нетолеранција на некои шеќери, може да го употребуваат овој производ само по консултација со својот доктор.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.
Поради интеракции, таблетите Vitup® C 500mg, не треба истовремено да се употребуваат со цисплатин и доксорубицин.

**3.Како да го земате/употребувате Vitup® C 500mg**
Возрасни и деца постари од 12 години: Еднаш до два пати дневно да се испие една таблета.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се употребуваат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Vitup® C 500mg**
Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Vitup® C 500mg**
Да се чува во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага на температура до

25°C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 таблета | % НРВ* | 100 g |
|---|---|---|---|
| Витамин Ц | 500 mg | 625 | 75,8 g |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

**Состојки:** Л-аскорбинска киселина, микрокристална целулоза (средство за зголемување на волумен), пченкарен скроб, вкрстено врзана натриум карбоксиметилцелулоза (стабилизатор), магнезиум стеарат (стабилизатор), малтодекстрин, рибофлавин (боја), винска киселина.

**Изглед на граничен производ и пакување**

20 таблети

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Бул. Кочо Рацин 14, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

**Производител:**
Галеника а.д, Батајнички друм бб, 11080 Белград, Р. Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ